Macedonian | Македонски

# Приоритетни центри за примарна здравствена нега

## Дали треба итно да видите доктор?

Приоритетните центри за примарна здравствена нега (Priority Primary Care Centres - PPCC) обезбедуваат итен бесплатен третман за секој со повреда или болест.

Докторите од PPCC центрите ќе ви помогнат побрзо да го добиете потребниот третман отколку во болничкиот оддел за итни случаи.

Тие можат да третираат состојби како што се благи инфекции, мали изгореници, шинувања или сомневања за скршеници. Услугите на PPCC центрите вклучуваат лабораторија за патологија, рендгенска дијагностика и аптека.

**Ако имате сериозна повреда или болест, јавете се на Три Нули (000).**
**Ако не ви треба итна нега, закажете преглед со вашиот редовен доктор.**

Услугите во PPCC центрите се бесплатни за секој, со или без Medicare картичка.

Во PPCC центрите може да се користат преведувачи. Јавете се на Службата за писмено и усно преведување, TIS National, на 131 450.

**За локации и повеќе информации, посетете ја веб-страницата на Better Health Channel:** betterhealth.vic.gov.au/priority-primary-care-centres

TIS TRANSLATING AND INTERPRETING SERVICE

phn VICTORIAN-TASMANIAN ALLIANCE
An Australian Government Initiative

VICTORIA State Government